**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" -Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 15-1898/1
Датум: 14.11.2022 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 и Службен весник на РСМ бр. 178/2021), член 65 од Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019) и член 46 од Статутот на Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Деканот на Факултетот, ја донесе следната

# ОДЛУКА

за распишување избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје

**Член 1**

Се распишуваат избори на претседател и 18 членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (во натамошниот текст: Факултетот).

Изборите ќе се спроведат на **14.12.2022** година (среда) кога е работна неделата во која се одржува настава. Во периодот од 21-25 ноември нема настава, бидејќи е колоквиумска недела.

**Член 2**

Се именува изборна комисија за спроведување на изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание во следниот состав:

1. вон. проф. д-р Даниел Денковски, претседател,
2. доц. д-р Владимир Ѓоргиевски, член
3. Андреј Котевски, студент – член
4. Давид Атанасоски, студент – член
5. Филип Николов, студент – член.

**Член 3**

Кандидирањето на членовите на Факултетското студентско собрание ќе биде на собири на студентите по години.

Право да се кандидираат и да избираат имаат сите студенти кои се запишани на студии во учебната 2022/2023 година и имаат запишан зимски семестар.

Собирите од став 1 на овој член ќе се одржат преку електронски средства за комуникација со користење на платформата за видео-конференции Zoom и тоа во термини кои ќе бидат договорени дополнително во зависност од распоредот на часови, но најкасно 10 дена пред одржување на изборите.

За студентите од втор и трет циклус на студии дополнително ќе се закаже собир преку платформата Zoom.

За утврдени кандидати за членови на Факултетското студентско собрание се сметаат оние студенти кои добиле најмногу гласови.

**Член 4**

Факултетското студентско собрание има 18 членови и тоа по години:

-3 студенти од прва година,
-5 студенти од втора година,
-5 студенти од трета година,
-3 студенти од четврта година,
-2 студенти од втор и трет циклус.

**Член 5**

Кандидирањето на претседател е лично преку поднесување на кандидатура на која даваат поддршка најмалку 50 редовни студенти од Факултетот.

За претседател може да се кандидира редовен студент кој запишал зимски семестар во учебната 2022/2023 година и ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

Кандидатурата (писмена пријава) заедно со потписите за поддршка од студентите се поднесува најдоцна до 7 декември 2022 година до Изборната комисија преку студентската архива на Факултетот.

По исклучок, во услови на пандемија или вонредна состојба, подршката на кандидатурата на претседателот може да се искаже преку доставување на изјава за поддршка од страна на студентите преку официјалната е-пошта на студентот до официјалната е-пошта на Изборната комисија.

**Член 6**

Се задолжува изборната комисија од член 2 на оваа Одлука, изборите за претседател и за членови на Факултетското студентско собрание на Факултетот да ги реализира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје и Статутот на Факултетот.

Комисијата од став 1 на овој член донесува Упатство со кое се утврдува начинот на работа, начинот за гласање преку електронските средства, образецот на записникот, начинот на предлагање на кандидати, начинот на гласање и пребројување на гласовите, објавување на резултатите од гласањето, соопштенијата и сл., чување и увид во изборната документација, како и други прашања поврзани со постапката за организирање и спроведување на изборите.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на веб страницата на Факултетот, студентската огласна табла и се доставува електронски до студентите на Факултетот.

Декан

Проф. д-р Димитар Ташковски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Факултет за електротехника и информациски технологии Република Северна Македонија СКОПЈЕ